**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**
**Градоначалник**

[redacted]

Број 11-1225/1
Дата 09.12.2025

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Ацо Аџи Илов,бр.2
1440 Неготино
Република Северна Македонија

Тел. (043) 361- 045
Факс: (043) 361 933

www.negotino.gov.mk
info@negotino.gov.mk

# ЈАВЕН ПОВИК

По повод Новогодишните и Божиќните празници и празникот Богојавление – Водици, Општина Неготино ги известува сите правни и физички лица кои се заинтересирани за изнајмување на продажен штанд на претходно утврдени локации и поставени монтажно – демонтажни објекти, поставени од страна на Општина Неготино во центарот на градот (Градски ллоштад), за периодот од **10.12.2025** година, па заклучно со **20.01.2026** година, дека можат да поднесат Барање до општината за одобрување на некоја од дефинираните локации и тоа од **10.12.2025** година па се до исполнување на локациите.

Сите заинтересирани баратели, потребно е да поднесат барање со платена административна такса до општина Неготино ( одделение за урбанизам и заштита на животната средина ). За закуп на јавен простор ќе се наплаќа надоместок и тоа:

- **За продажен штанд во висина од 700,оо денари на ден ;**
- **За штанд за продажба и подготвување на храна износ од 1000,оо денари на ден;**

Општина Неготино ќе изготви пресметка во која ќе бидат наведени условите и начинот на плаќање на надоместокот за закуп на јавен простор.

Доколку барањето се поднесува за изнајмување на продажен штанд за храна, во тој случај е потребно да се земе во предвид Законот за безбедност на храната и да се постапува согласно на истиот.

Барателите можат да изнаімат продажен штанд за продажба на:

1. **Греано вино**
2. **Храна**
3. **Печени костени**
4. **Крофни и палачинки**
5. **Кафе и топли напитоци**
6. **Новогодишни пакетчиња**
7. **Новогодишни честитки**
8. **Сувенири и ракотворби**
9. **Детски играчки**
10. **Фотографија**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**
**Градоначалник**

[redacted]

11-1227/1
08.12.2025

Поставените монтажно – демонтажни објекти, кои ќе бидат изнајмени од страна на правни и физички лица, ќе имаат можност да бидат со работно време од 10:00 до 22:00 часот, секој ден, во временскиот период од 10.12.2025 година до 20.01.2026 година.

Одредувањето на локацијата со продажен штанд ќе се спроведе по принципот **„Прв доиден, прв услужен"**.

* Напомена: Строго е забрането поставување на производи надвор од изнајмениот објект.

Градоначалник,
Марија Нацева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ГРАДОНАЧАЛНИК · ОПШТИНА НЕГОТИНО